– ВОНРЕДНО ИЗБОРНО СОБРАНИЕ НА Друштвото на писателите на Македонија –
25 ноември 2023 г.

Живко Грозданоски – кандидат за претседател на ДПМ

Ж. Г. е роден во ноември 1986 год. во Кичево. Член е на ДПМ од 2018 година. На почетокот од неговото членство во Друштвото беше ангажиран како член на редакцијата на списанието „Стожер", а во мај 2022 г. беше кандидит за претседател на ДПМ.

# ПРОГРАМА

1. Консолидација на членството на ДПМ
- Ажурирање на единствениот регистар на членови на ДПМ (поранешни и сегашни);
- Ажурирање на податоците за членството (физичка адреса, е-маил адреса, телефони, итн);
- Консолидација на единствената мејлинг-листа на членови на ДПМ;

2. Уредување на веб-страницата на ДПМ: домејн, мејл; ЈуТјуб канал, соц. мрежи...

3. Ревизија на финансиското работење на ДПМ
- Ангажирање приватна ревизорска фирма, изготвување детален ревизорски извештај.

4. Изготвување програма на активности
- Во координација со Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности;
- Во координација со Институтот за македонска литература;
- Во дослух со други културни институции надвор од сферата на македонистиката: Друштво на албански писатели, Данте Алигиери, Француски културен центар, Гете институт и други.

5. Одбележување јубилеи (30 год. од смртта на Б. К....) и организација на други настани

6. Изработка на Правилници за работата на ДПМ и на неговите органи:
- Итна изработка и имплементација на нов Статут на ДПМ (категоричен приоритет);
- Правилник за работата на Претседателството;
- Детален опис на работното место на техничкиот секретар вработен во ДПМ;
- Правилник за организација на тековни настани во седиштето на ДПМ: промоции, трибини, поетски и прозни читања; предавања, презентации, говори и дискусии на актуелни теми.
- Правилник за организација на настани на ДПМ во други градови низ земјата (и онлајн – во странство);
- Правилник за доделување Годишни награди на ДПМ;
- Правилник за прием на нови членови на ДПМ;
- Правилник за посета на основни и средни училишта од страна на автори на ДПМ.[i];
- Правилник за работа на „интеркултурна книжевна комисија" (ИКК)[ii].

7. Осовременување на дизајнот на ДПМ, „ребрендирање":
- Лого на ДПМ, во е-маил комуникацијата со членството и другите институции, во објавите на социјалните медиуми, итн.

8. Реновирање и опремување на просториите на ДПМ
- Проектор, скенер-принтер/фотокопир, прочистувач на воздух, клима-уред, апарат за вода...[iii]

9. Изготвување десетгодишна стратегија за развој на ДПМ
- во дослух со целокупното членство на ДПМ и во консултација со други институции од земјата и од странство. Во десетгодишната стратегија би биле поместени (помеѓу другото) и следните точки:

● Уредување на просторот на ДПМ
- Реновирање и реорганизација на просториите (со попис на книги, уметнички дела, итн.);
- Ангажирање повеќе вработени лица и распределба на работните обврски.

● Уредување на интернет-страницата на ДПМ на неколку јазици
- Архива на наградени дела (годишни награди на ДПМ), со состави на жири-комисии.

● Фондови
- Аплицирање на домашни и странски фондови за реализација на проекти.

● Поттикнување соработка со домашни и странски институции (друштва на писатели, итн.)
- Гостувања на писатели во образовни и друг вид институции во Македонија.

● Консолидација на годишните награди на ДПМ:
- Воспоставување петчлена комисија;
- Гласање во неколку фази, со објавување наслови во потесен избор;
- Организирање промоција на наградените книги.

● Поттикнување видливост на ДПМ, активност на актуелни теми од глобален интерес
- ДПМ како учесник во јавните дебати поврзани со тековните општествени прашања;
- Формирање тело за создавање и развој на софтвери за јазик и книжевност.

● Грижа за културното наследство (оставина) од писателите
- Лобирање со цел означување на домовите на истакнати автори;
- „Музеизирање“ предмети (оставина) од истакнати автори;
- Дигитализација на книжен материјал, реобјавување класици.[iv]

● Отворање книжевна резиденција

Како врвен приоритет на Ж. Г. останува севклучувачкото поттикнување разбирање и културна размена кај членството на ДПМ.

Со почит,
Живко Грозданоски

2.11.2023 г. (четврток)

---

[i] Членовите на ДПМ би имале можност да ги посетуваат основните и средните училишта во Македонија и на учениците да им одржат час на предметот македонски јазик (или по други предмети), претставувајќи одреден книжевен автор или тема, како и да ги запознаат со сопственото (и/или со туѓо) книжевно творештво. За ваквиот ангажман на авторите би бил издвоен надоместок.

[ii] Петчлена комисија составена од членови на ДПМ што припаѓаат на различни народности што живеат во МК. Комисијата би издвојувала дела што ја поттикнуваат и ја слават интеркултурната димензија на творештвото и на животот. ДПМ е една од ретките институции во МК што ја има привилегијата да дејствува со ваква комисија, на овој начин.

[iii] Меценаштвото на приватните фирми (и евентуално на индивидуалци) би било поттикнато од организацијата на настан (книжевна средба) со значителна медиумска покриеност, при што на поддржувачите на обновата на ДПМ би им биле врачени признанија.

[iv] Точките се преземени од текстот „Наместо визија за ДПМ“ од Ж. Г., објавен во „Стожер“ бр.3/2021 и уредени. Точките се резимирани ставови од текстови на Давор Стојановски, Лидија Димковска, Будимка Поповска, Славица Гаџова-Свидерска, Филип Клетников, Мерсиха Исмајлоска, Јулијана Величковска, Жарко Кујунџиски, Стефан Марковски и Снежана Стојчевска, автори застапени во рубриката „Визија за ДПМ“ во „Стожер“ (2/2019 – 1/2021).